**ЗАПИСНИК**

**од вонредната седница на Наставно-научниот совет на**

**Стоматолошки факултет во Скопје, одржана на 20.10.2014 год. со почеток во 10 часот**

***Присутни членови на советот:***

Проф. д-р Љубен Гугувчевски; Проф. д-р Мирјана Поповска; проф.д-р Даница Поповиќ Моневска, Проф. д-р Јагода Бајевска; Проф. д-р Владимир Поповски; Проф. д-р Александар Грчев, Проф. д-р Киро Ивановски, Проф. д-р Мира Јанкуловска; Проф. д-р Евдокија Јанкуловска;; Доц. д-р Илијана Аџисанкова Муратовска ;; проф. д-р Гордана Ковачева, проф.д-р Соња Еленчевска;; проф. д-р Силвана Георгиева; проф.д-р Јадранка Бундевска ,проф.д-р Билјана Капушевска; проф.д-р Анета А.Стојановска; проф.д-р Ана С. Ивковска;; проф.д-р Никола Гиговски; проф.д-р Весна К. Стевковска;; проф.д-р Лидија Кануркова и; проф.д-р Снежана Пешевска ; проф.д-р Маја Пандилова; Елена Рибарева–студент, Никола Маролов-студент; Надица Несторовска-студент; Мартин Костовски-студент

**Оправдано отсутни членови**: Проф. д-р Борис Величковски, Проф. д-р Славе Наумовски проф.д-р Елизабета Ѓорѓиевска; Проф. д-р Алберто Бенедети проф.д-р Лидија Поповска;; проф. д-р Марија Пеева Петреска; проф.д-р Златко Георгиев; проф.д-р Оливер Димитровски, Доц. д-р Јулијана Николовска Надица Несторовска-студент; Мартин Костовски-студент

**За седницата беше предложен следниот**

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**1.** Разгледување и усвојување на Предлог-Проектот за измени и дополнување на студиската прогрма на прв циклус стручни студии по стоматологија за стручни забни техничари- повторна акредитација .

Деканот ги поздрави присутните членови, и откако беше констатирано дека има кворум за работа ја отвори вонредната седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје со единствената точка на дневен ред „Разгледување и усвојување на Предлог-Проектот за измени и дополнување на студиската прогрма на прв циклус стручни студии по стоматологија за стручни забни техничари- повторна акредитација“.

По гласањето едногласно се утврди и усвои предложениот дневн ред.

Деканот образложи заради што е свикана оваа вонредна седница, имено од причина што на преходната 18-та редовна седница , наведентата точка беше симната од дневен ред заради одредени забелешки од проф.д-р Киро Ивановски во однос на Предлог проектот за измени и дополнување на студиската прогрма на прв циклус стручни студии по стоматологија за стручни забни техничари- повторна акредитација , а комисијата која го работеше проектот требаше да го прегледа проектот и да ги отстрани евидентираните недостатоци.

Деканот во продолжение кажа дека навистина имало грешки и недостатоци во предложениот Проект, но дека се превземени одредени мерки во поглед на нивно отсранување.

Забелешките од претходната седница поради кои е оваа точка симната од дневниот ред ги сваќам како исклучително добронамерни и таквите забелешки и сугестии се навистина на

место со цел  работите да  се коргираат и исправат навреме, во продолжение на своето излагање рече деканот. Исто така тој напомена дека во наставните содржини кои се предложени од самите наставници  не е интервенирано од причина што смета дека тие со целосна одговорност и стручност ги предложиле истите како предметни содржини за оваа програма.

Деканот понатаму истакна дека ако се направи еден пресек на предложената студиска програма  може да се каже дека е сосема солидно изготвена  и на истата може да и се даде натамошен тек.

По завршување на својата дискусија деканот ги повика присутните членови на Наставно-научниот совет да земат збор по единствента точка на дневниот ред.

Откако никој не побара збор деканот го постави на гласање Предлог-Проектот за измени и дополнување на студиската прогрма на прв циклус стручни  студии по стоматологија за стручни забни техничари- повторна акредитација.

По спроведеното гласање и пребројувањењто на гласовите на присутните членови се констатира дека за Предлог  проектот,  24 членови од присутните гласале за, еден член гласал против , а воздржани немало.

По пребројувањето на гласовите, деканот ги извести присутните членови дека до Наставно-научниот совет беа доставени затворени коверти со писмено изјаснување во врска со предложената точка од дневниот ред на четворица од оправдано отсутните членови и тоа: проф.д-р Алберто Бенедети, проф.д-р Златко Георгиев, проф.д-р Лидија Поповска и доц.д-р Јулијана Николовска и ги отвори ковертите  при што беше констатирано дека од 4 доставени писмени изјаснувања по единствената точка од дневниот ред, споменатите професори се изјасниле позитивно, односно го дале својот глас за наведениот прелог –проект.

Согласно наведеното деканот констатира дека се донесе одлука со која беше усвоен Предлог-Проектот за измени и дополнување на студиската прогрма на прв циклус стручни студии по стоматологија за стручни забни техничари- повторна акредитација  со 28 гласа за, еден против , без воздржани .

По исцрпувањето на дневниот ред деканот им се заблагодари за присуството на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот и  означи крај на седницата.

Записничар<br>Елизабета Алексовска

Декан<br>проф.д-р Љубен Гугувчевски